## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став 12 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16 и 83/18) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

### Член 1

Во Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 162/15, 227/15, 142/16, 180/16 и 153/17) членот 4 се менува и гласи:

„Висина на трошоците за утврдување на исполнување на условите, по барање од правни и физички лица за откуп на земјоделски производи и тутун изнесува 1.000 денари (по откупно место-објект), за регистрација на рибници изнесува 10.000 денари, а за пломбирање на мрежи изнесува 700 денари.

Висината на трошоците за утврдување на исполнување на условите, по барање од правни и физички лица за регистрација на винарска визба изнесува:

- за винарските визби чиј капацитет за преработка и чување на виното не надминува 30.000 литри годишно 1.500 денари и

- за винарските визби чиј капацитет за преработка и чување на виното надминува 30.000 литри годишно да изнесува 5.000 денари."

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 02-5392/1
18 јуни 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Трајан Димковски, с.р.